Народна банка на
Република Северна Македонија

Дирекција
за платни системи




# Годишна информација
# за плаќањата во Република Северна Македонија
# во 2018 година

# Агенда

- ПЛАТНИ СИСТЕМИ ВО ЗЕМЈАТА
- КРЕДИТНИ ТРАНСФЕРИ
- ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ
- ПЛАТЕЖНА ИНФРАСТРУКТУРА
- ТРЕНДОВИ КАЈ ИНТЕРНЕТ-ТРГОВИЈАТА

# Платни системи во земјата во 2018 година

**Вкупна вредност 7.745 милијарди денари**
**Годишен раст од 93,6%**

**МИПС**
95%
7.354 млрд.

**КИБС**
5%
392 млрд.

**КАСИС**
0,001%
0,061 млрд.




**Вкупен број на трансакциите 29,9 милиони**
**Годишен раст од 2,6%**




**МИПС**
18%
5,3 мил.

**КИБС**
82%
24,5 мил.

**КАСИС**
0,1%
0,017 мил.

# Платежни трансакции во 2018 година

- Вкупната вредност забележа годишен раст од **10,2% и достигна 3.813 милијарди денари**.
- Вкупниот број изнесуваше **114 милиони трансакции, што претставува годишен раст од 11%**.



# Број на трансакции со кредитен трансфер (во %)

- Во РСМ се забележува **релативно ниско учество на електронските кредитни трансфери** (44%) во вкупниот број кредитни трансфери, во споредба со старите земји членки на ЕУ (92%) и земјите членки на ЦИЈЕ (87%).
- Ваквата состојба укажува на потреба од поголема **промоција и едукација за користење на веќе воспоставената инфраструктура за дигитални плаќања** во домашната економија.



Хартиени | Електронски




**Учество во вкупниот број на трансакции со кредитни трансфери (во %)**




*Извор: ЕЦБ и НБРМ*

**Најголемо учество на електронски КТ**

*Естонија - 99,7%*

*Ирска - 99,6%*

*Р. Чешка – 99,1%*

**Најголемо учество на хартиени КТ**

*Северна Македонија - 56,2%*

*Италија – 49,8%*

*Бугарија – 44,2%*

# Учество во вкупниот број трансакции со КТ (2018 г.)

- Вкупниот број трансакции со кредитни трансфери изнесуваше **60,4 милиони**, при што најголем број од нив беа иницирани од страна на **правните лица (71%),** додека остатокот од физичките лица.
- **Правните лица иницираат 53%** од бројот на кредитните трансфери во земјата по електронски пат, додека **физичките лица електронски иницираат само 21%** од вкупниот број кредитни трансфери.

- **Правните лица** иницираат најголем дел од електронските кредитни трансфери (99,9%) **преку персонален сметач**. Кај **физичките лица** се забележува и умерена употреба на **мобилните телефони** и банкоматите при иницирањето на електронските кредитни трансфери.






# Број на трансакции со картички (%)

Повлекување готовина на АТМ
Депонирање готовина на АТМ
Физички места на продажба (ПОС)
Виртуелни места на продажба

## **Број на трансакции на <u>домашни уреди</u> со** домашни картички







- Број на трансакции **– 80,7 милиони**
- Тренд на **зголемување** на употребата на платежните картички за вршење плаќања на уредите на **физичките места на продажба**

## **Број на трансакции со** странски картички **на <u>домашни уреди</u>**







- Број на трансакции – **5,5 милиони**
- Тренд на зголемување на употребата на платежните картички за плаќања на физичките места на продажба за сметка на **намалување на повлекувањето готовина** од бакомати

## **Број на трансакции со** домашни картички **на <u>уреди во странство</u>**







- Број на трансакции – **6,7 милиони**
- Се забележува зголемена употреба на платежните картички на физичките места на продажба и **високо учество** на употребата на картичките за плаќања на виртуелните места на продажба

# Учество во вкупните трансакции со домашни картички во странство (10 земји со најголемо учество во %)




## Број на трансакции




**Обединето Кралство**

0,04%
4,5%
18%



**САД**

0,1%
3,0%
5,3%



**Србија**

0,3%
7,1%
0,1%



## Вредност на трансакции




**Унгарија**

0,04%
3,2%
8,1%



**Обединето Кралство**

0,1%
2,6%
8,6%



**Грција**

0,9%
7,7%
1,0%



- Во 2018 година, вкупниот број на остварените трансакции со домашни платежни картички на уредите лоцирани во странство изнесуваше **6,7 милиони трансакции (годишен раст од 26%)**, во вредност од **15,1 милијарда денари (годишен раст од 13,2%).**





# Учество во вкупните трансакции со странски картички во земјата (10 земји со најголемо учество во %)




## Број на трансакции




**САД**



2,4%
15%
0,3%

**Обединето Кралство**



1,7%
4,3%
0,4%

**Србија**



0,2%
5,9%
0,02%

## Вредност на трансакции




**САД**



6,4%
6,9%
0,3%

**Германија**



6%
1,7%
0,01%

**Обединето Кралство**



4,5%
2,2%
0,3%

- Во 2018 година, вкупниот број на остварените трансакции со домашни платежни картички на уредите лоцирани во странство изнесуваше **5,5 милиони трансакции (годишен раст од 27%)**, во вредност од **22,7 милијарди денари (годишен раст од 14,7%).**



# Безготовински платни инструменти во компаративен контекст

- **Платежните картички се користат релативно помалку во РСМ** (учеството на трансакциите со платежни картички во вкупниот број на безготовински плаќања во 2018 година изнесува 47%), во споредба со земјите од ЦИЈЕ (52%) и старите земји членки на ЕУ (52%).

- Од друга страна, **во РСМ кредитните трансфери имаат значително учество** (53%) во вкупниот број трансакции со безготовински платни инструменти, што е над просекот на старите земји членки на ЕУ (22%) и ЦИЈЕ (44%).

**Учество во вкупниот број на безготовински трансакции (во %)**




*Извор: ЕЦБ и НБРСМ*



# Платежна инфраструктура во 2018 година

- Вкупниот број платежни картички е речеси непроменет во споредба со 2017 година, но **значајна промена се забележува од аспект на структуралното учество на контактно-бесконтактните картички** во вкупниот број на платежни картички со висок годишен раст од 52%.




**Број платежни картички на крајот на 2018 година**

**1,821,483**

***1 платежна картичка по глава на жител (0,88)***




- Учеството на **бројот на** ПОС-терминали **коишто поддржуваат картички со контактно-бесконтактна** технологија во вкупниот број уреди, на крајот на 2018 година, изнесува 58,6%, **или повисок за 9,2 п.п.** во однос на претходната година.
- Годишен раст од 3,6% на бројот на **банкомати** со функција за иницирање **кредитен трансфер** во 2018 година. Исто така, зголемување на бројот на **банкоматите со функција за депонирање готовина** (во 2017 година бројот изнесувал 118).

# Платежна инфраструктура
# во 2018 година

- Вкупниот број трансакциски сметки на крајот на 2018 година изнесуваше **3,95 милиони сметки** и забележа умерен годишен раст од **2,4%.**




- **Зголемување од 2 п.п.** на учеството на бројот на сметките коишто нудат можност за електронски плаќања во вкупниот број трансакциски сметки. Сепак, само **10% од вкупниот број трансакциски сметки нудат можност за електронски плаќања**, што укажува на ограничена искористеност на дигиталните банкарски канали за вршење на плаќања.

- Оваа ограниченост е особено изразена кај **физичките лица кај коишто само 9%** од трансакциските сметки овозможуваат иницирање електронски плаќања, додека состојбата кај **правните лица е умерено подобра, 33%.**

- Вкупниот број на депоненти на крајот на 2018 година изнесуваше 1,78 милиони.

- Депонентите (физички и правни лица) може да имаат една или повеќе сметки во истата банка или во различни банки.






# Интернет-корисници кои нарачале стоки/услуги на интернет во последните 12 месеци (%)

- Во период од 6 години (2012-2018 година), се забележува **значително зголемување на учеството на населението во ЕУ кое купува преку интернет за 16 п.п. и достигнува 60%** од населението кое користело интернет во 2018 година.
- Слични тенденции се забележуваат и во Република Северна Македонија, каде што **процентот на население кое користи и купува преку интернет се зголемува од 5% во 2012 година на 25% во 2018 година**.






# Интернет-корисници кои купувале производи/услуги за лични потреби по групи на возраст (2018, %)

- **Интернет-купувањата забележуваат пораст кај сите возрасни групи**. Во 2018 година, возрасните групи од 25 до 34, 16 до 24 и 35 до 44 години имале највисок процент на интернет-купувачи во ЕУ (со 78%, 72% и 70%, соодветно), додека во Република Северна Македонија најмногу купувале преку интернет, лицата во рамки на возрасната група од 35 до 44 години (28%).

- Повозрасните лица, а особено оние во **возрасната група од 55 до 74 години, купувале многу помалку на интернет**.






# Интернет-корисници кои купувале производи/услуги за лични потреби во последните 3 месеци (2018, %)

- Најголемиот дел од населението **во Република Северна Македонија потрошило помалку од 50 евра** за купување стоки и услуги на интернет, додека, пак, најголем дел од населението во ЕУ потрошило повеќе од 100 до 500 евра.
- Најголемиот број од купувачите преку интернет во **Република Северна Македонија (12%), направиле 1-2 купувања** во 2018 година, додека во ЕУ подеднакво учество имаат купувањата во категориите 1-2 пати и 3-5 пати (17%).

**Висина на парични средства потрошени за интернет купувања**







**Број на интернет купувања (2018, % ЕУ/РСМ)**



# Интернет-купувања од аспект на видот на стоките и услугите (2018, %, ЕУ/РСМ)

➢ **Од аспект на видот на стоките и услугите, населението во Република Северна Македонија најмногу купувало облека и спортска опрема на интернет,** додека во ЕУ постои поголема разновидност на стоките и услугите коишто се купувале преку интернет (облека и спортска опрема, патувања и хотелски аранжмани, производи за домаќинство, билети за настани, книги, списанија и весници и сл.).






# Национални и прекугранични интернет-купувања (2018, %)

- **Населението од Република Северна Македонија еднакво купувало од интернет-трговците во националната економија и од интернет-трговците надвор од ЕУ** (16% во 2018 година), што претставува зголемување за 12 п.п. во однос на 2012 година.
- Од друга страна, најголемиот процент **од населението во ЕУ купувало од интернет-трговците во националната економија** (60% во 2018 година). Сепак, се забележува пораст на населението кое купувало од интернет-трговците во други земји на ЕУ и надвор од ЕУ во споредба со 2012 година.






# Благодарим